## Одговорен згрижувач/чувар на животни (40 часа неделно)

*Нашата мисија во Шепасти Ентузијасти е да ја подобриме целосната состојба на бездомните кучиња во Македонија и да ја подигнеме свеста во нашата околина. Во меѓувреме, се трудиме да најдеме домови за кучињата кои се веќе во нашето прифатлиште. Во прифатилиштето на Шепасти, нашите кучиња се соодветно социјализирани и имаат голема и богата интеракција со луѓе. Доколку сакате да дознаете повеќе за нашата работа, посетете не на https://pawesomenthusiasts.org/*

Дали би сакале да придонесете за нешто значајно и да работите со нас во остварување на нашата мисија? Ова е вашата шанса...

**Вашиот придонес би бил во**

- Ефикасно завршување на дневните обврски поврзани со грижа на кучињата во прифатлиштето (хранење, менување на вода, средување на боксови)
- Социјализирање на кучињата
- Давање на терапија на оние кучиња за коишто е потребна (во форма на апчиња/капки/маст)
- Одржување на хигиена во работниот простор
- Одржување на евиденција на дневни задачи/промени во однесување и посети на ветеринар (доколку има потреба)

**Доколку...**

- Сте љубител на животни
- Имате искуство со кучиња (поседувате, сте волонтирале или растеле со кучиња)
- Сакате да работите во флексибилна работна средина и со флексибилно работно време
- Сте приспособливи, креативни, организирани и педантни
- Сакате да се забавувате додека работите

... Приклучете се на тимот на Шепасти Ентузијасти и помогнете ни да го разубавиме животот на сите Шепасти во нашето прифатилиште!

Аплицирајте денес contact@pawesomenthusiasts.org